2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-10689/1
26 ноември 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**4694.**

Врз основа на член 41 став (9) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРОДАДЕНИТЕ ДОЗВОЛИ И ДОСТАВУВАЊЕТО НА ПОДАТОЦИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИТЕ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на дозволите за рекреативен риболов и образецот за водење на евиденција на продадените дозволи и доставувањето на податоците, како и начинот на издавање на дозволите и потребната документација.

Член 2

(1) Државната дозвола за рекреативен риболов за сите рекреативни зони (ревири) се издава на образец во форма на пластична картичка со нијансирана зелена боја со димензии 8,5 x 5,4 cm или во електронска форма.

(2) Формата и содржината на образецот на државната дозвола од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Годишната дозвола за рекреативен риболов на одредена рекреативна зона (ревир) се издава во хартиена форма на образец со димензии 9x6 cm на картонска 200 грамска хартија во светло сива боја или во електронска форма.

(2) Формата и содржината на образецот на годишната дозвола од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Месечната дозвола за рекреативен риболов за одредена рекреативна зона (ревир), како и тридневната и дневната дозвола за рекреативен риболов за одредена рекреативна зона (ревир) или атрактивна зона се издаваат во хартиена форма на образец со димензии 13x10 cm на перфориран парагон блок или во електронска форма.

(2) Листовите на парагон блокот на месечната дозвола за рекреативен риболов се со розева боја, на тридневната дозвола за рекреативен риболов со сина боја и на дневната дозвола за рекреативен риболов со бела боја.

(3) Формата и содржината на обрасците на дозволите од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Евиденцијата за продадените дозволи за рекреативен риболов се води на обрасци на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на обрасците на евиденцијата од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

(1) Државната дозвола за рекреативен риболов за сите рекреативни зони (ревири) се издава од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) по претходно поднесено барање од рекреативен риболовец кој е член на риболовно здружение кој поседува легитимација за рекреативен риболов за тековната година.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се поднесува следната потребна документација:

- доказ за уплатени финансиски средства за надоместок за издавање на државната дозвола утврден за тековната година и
- копија на важечка легитимација за рекреативен риболов за тековната година.

Член 7

(1) Годишните, месечните, тридневните и дневните дозволи за рекреативен риболов за одредени рекреативни зони (ревири) или за атрактивни зони, се издаваат од страна на Министерството на Македонската риболовна федерација (во натамошниот текст: Федерацијата) по претходно поднесено барање за издавање дозволи, кон кое се доставува следната потребна документација:

- спецификација на докази за уплатените финансиски средства од корисниците на рибите и другите водни организми како надоместок за продадените дозволи за рекреативен риболов и
- пополнет образец за водење на евиденција на продадените дозволи за рекреативен риболов од Прилог 4 од овој правилник.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член, Федерацијата го поднесува до Министерството најдоцна до 20 јануари во тековната година.

(3) Дозволите од ставот (1) на овој член за тековната година се издаваат од страна на Федерацијата по претходно поднесено барање за издавање дозволи од корисниците на рибите и другите водни организми, кон кое се доставува следната потребна документација:

- спецификација на докази за уплатените финансиски средства од корисниците на рибите и другите водни организми како надоместок за продадените дозволи за рекреативен риболов и
- пополнет образец за водење на евиденција на продадените дозволи за рекреативен риболов за одредените рекреативни зони (ревири) или атрактивни зони од Прилог 4 од овој правилник.

Член 8

Податоците од обрасците за водење на евиденција на продадените дозволи за рекреативен риболов се доставуваат еднаш годишно како прилог на барањето за издавање на дозволи кое Федерацијата го доставува до Министерството.

Член 9

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престануваат да важат Правилникот за начинот на издавање на дозволите за рекреативен риболов, потребната документација за нивното издавање, формата и содржината на образецот за водење евиденција, начинот на водење на евиденција и доставување на податоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.162/10) и Правилникот за формата и содржината на образецот на дозволата за рекреативен риболов и образецот за водење евиденција, начинот на водење на евиденцијата и доставување на податоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.162/10 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/19).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 33-13937/1
26 ноември 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

Прилог 1

Образец на државна дозвола за рекреативен риболов за сите рекреативни зони (ревири)

Предна страна

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Фотографија

**ДРЖАВНА ДОЗВОЛА**
**ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ**

Име и презиме:
Број на легитимација:
Број на дозвола:

Задна страна

Важи за сите рекреативни зони (ревири) во
Република Северна Македонија
утврдени во Листата на риболовни подрачја

М.П.

Датум на издавање ___________ година
Важи до ___________ година

Прилог 2

Образец на годишна дозвола за одредена рекреативна зона (ревир)

Предна страна

ГОДИШНА ДОЗВОЛА
ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ
за одредена рекреативна зона (ревир)

Важи до __________ година

______________________________
(име и презиме)

______________________________
______________________________
(адреса и место на живеење)

______________________________
(број на легитимација)

Број на дозвола

Задна страна

______________________________
(назив на корисникот на рибите и другите водни организми)

______________________________
______________________________
(рекретивна зона (ревир) за кој се издава дозволата)

______________________
(надоместок во денари)

Датум на издавање: ______________

М.П.

______________________________
(потпис на овластено лице)

Прилог 3

Образец на месечната дозвола за рекреативен риболов за одредена рекреативна зона (ревир), како и на тридневната и дневната дозвола за рекреативен риболов за одредена рекреативна зона (ревир) или атрактивна зона

| | |
|---|---|
| серискi број | сериски број |
| ______________________ (назив на корисник) | МЕСЕЧНА/ТРИДНЕВНА/ДНЕВНА ДОЗВОЛА |
| ______________________ ______________________ (рекретивна зона (ревир) или атрактивна зона за кој се издава дозволата) | ______________________ (назив на корисник) |
| ______________________ (датум на издавање) | ______________________ (рекретивна зона (ревир) или атрактивна зона за кој се издава дозволата) |
| ______________________ (надоместок во денари) | ______________________ (надоместок во денари) |
| ______________________ (ден/период на важност на дозволата) | ______________________ (ден/период на важност на дозволата) |
| ______________________ (број на легитимација) | М.П ______________________ (потпис на овластено лице) |

Прилог 4

Образец за водење на евиденција на продадените дозволи за рекреативен риболов

| | Рекреативна зона (ревир) или атрактивна зона | Корисник | Број на издадени дозволи | | | | Процент на надоместок | Вкупно уплатени средства по корисник во Буџетот на Република Северна Македонија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Годишни | Месечни | Тридневни | Дневни | | |
| 1. | | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | | |
| | Вкупно | | | | | | | |

Образец за водење на евиденција на продадените дозволи за рекреативен риболов за одредените рекреативни зони (ревири) или атрактивни зони

Година ________________________

Рекреативна зона (ревир)/атрактивна зона ________________________

Корисник ________________________

Вкупно уплатени средства за _______ година: ____________.

| | Вид на дозвола | Задолжени дозволи | | Вкупно издадени дозволи | Вратени дозволи | Продадени дозволи | Процент на надоместок | Цена на дозвола | Уплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Од број | До број | | | | | | |
| 1. | Годишни дозволи | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | Вкупно годишни дозволи | | | | | | | | |
| 2. | Месечни дозволи | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | Вкупно месечни дозволи | | | | | | | | |
| 3. | Тридневни дозволи | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | Вкупно тридневни дозволи | | | | | | | | |
| 4. | Дневни дозволи | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | Вкупно дневни дозволи | | | | | | | | |

Образец за водење на евиденција на продадените државни дозволи за рекреативен риболов

________________________ година

| Реден број | Име и презиме на рекреативниот риболовец | Назив на риболовното здружение на кое е член | Износ на уплатени средства од надоместокот на членот во риболовното здружение | Износ на уплатени средства од надоместокот на членот во Буџетот на Република Северна Македонија |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| Вкупно | | | | |

Вкупно уплатените средства во Буџетот на Република Северна Македонија од продадените државни дозволи за рекреативен риболов во __________ година изнесува ______________ денари.